**УДК: 929 Тодоровиќ, М.**

# IN MEMORIAM
# МИОДРАГ ТОДОРОВИЌ
# (1947-2017)

Есента 2017 година нè напушти еден наш тивок колега и пријател, добро познат на повеќето од колегите на Филозофскиот факултет. Почина Миодраг Тодоровиќ или како што обично неговите блиски го викаа – Мио.

Тој беше класичен филолог по своето образование, дипломираше, а потоа магистрираше и докторираше во областа од микенологијата. Во текот на својот живот објави низа вредни статии од оваа сложена материја и покажа дека е вистински научник со високи стандарди. Оние од нас што му бевме поблиски и како колеги и како пријатели добро знаеме со каков занес и пасионираност тој се задлабочуваше во сложените проблеми од микенологијата. Со цел да биде во тек со современите истражувања, Мио не само што ги следеше многуте светски списанија што ги добивавме на Факултетот туку и самиот издвојуваше од своите скромни примања за да купи скапи книги од странство. При моите посети на неговиот дом ги гледав тие скапи изданија и се чудев како успеваше да ги набави тие ретки дела. Бев свесен дека се откажувал од многу земни задоволства за да дојде до нив. Но, затоа, пак, не беше чудно што при разните настапи на научните собири тој се однесуваше како човек-научник кој многу добро и сигурно се движи низ сложениот и загадочен микенски свет.

Наспроти оваа строгост во научниот пристап, Мио секогаш оставаше впечаток на кроток и по малку повлечен човек. Можеби и повеќе одошто беше добро за него бидејќи неговиот тивок карактер им допушташе на колегите да го доживуваат како попустлив и мек карактер. Поради тоа се случуваше понекогаш да биде потценет или понижен во некоја ситуација што тој при сета своја добродушност го трпеше иако внатре во себе боледуваше. Залудни беа моите совети да го крене својот глас и ако треба „да удри на маса“ заради своите права и достоинство. Мио не беше во состојба да го направи тоа и поради својата физичка фрагилност и поради тивкиот глас што не можеш сосила да го претвориш во лавовски рик.

Она што посебно заслужува да биде спомenато во овој контекст е ангажманот на Мио врз подготовката на *Годишниот зборник* на Филозофскиот факултет. Тој ја презеде оваа должност во време кога зад себе веќе го имаше долгогодишното искуство во подготовката на меѓународното научно списание *Жива антика*. Изграден според високите стандарди на ова реномирано списание, Мио настојуваше тој ист дух да му го вдахне и на *Годишниот зборник*. Колку и да изгледаше на прв поглед неговата работа формална, техничка и сл. тој во неа го внесуваше своето искуство, својата душа и се трудеше секој поединечен број да го направи колку што е

можно подобар. Притоа, во разговорите со блиските колеги умееше да каже и понекој критички збор за некоја од објавените статии, но секогаш аргументирано и одмерено. Практично, многу повеќе помагаше одошто критикуваше.

Малкумина на Филозофскиот факултет знаат колку Мио добро беше упатен во историјата на нашата високообразовна институција. Тука не мислам само на онаа, официјалната страна, туку на оние секојдневни случувања од животот на професорите, колегите... Присутен уште како студент долг временски период, тој со својата добродушност и комуникативност беше прифатен како драг соговорник од луѓе од најразличен статус. Со него беа блиски пријатели и истакнатите и постари професори и младите асистенти и службениците... Трпелив и благороден слушач на соговорниците, тој дознаваше и она што го сакаше и она што дури и не сакаше да го знае. Оттаму и беше полн со анегдоти за уважените професори, нивните карактери, необични доживувања на работа, за нивните гафови и безброј други нешта. Се сеќавам како ми раскажуваше за еден наш заеднички професор, голем ерудит кој во староста полагал возачки испит и паднал не на практичниот дел туку – на теорија!

Беше задоволство човек со него да го пие на работа утринското кафе зачинето со духовити забелешки и досетки. Секако, свесен сум дека и јас веројатно сум бил „жртвата“, т.е. предмет на критички однос и тој тоа умееше и отворено да ми го каже, а јас го прифаќав како искрен коментар на пријател. Сето тоа на дружењето со Мио му даваше топлина и блискост, а животот на нашиот факултет го откривав од онаа, друга човечка страна.

Тоа е една од причините што јас лично тешко го поднесов неговото заминување во пензија, а уште потешко неговото заминување од овој суров свет во кој тој поради својата простодушност тешко се снаоѓаше.

Јуни 2018 г.

Витомир Митевски